# ОДЛУКА

за одобрување на Извештајот за работа на Надзорниот одбор
на Стопанска банка АД - Скопје во 2022 година

Скопје, мај 2023 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (С.О. бр. 438/31.05.2022 година, пречистен текст), Собранието на акционери на седницата одржана на ________ .2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
за одобрување на Извештајот за работа на Надзорниот одбор
на Стопанска банка АД - Скопје во 2022 година

1. СЕ ОДОБРУВА Извештајот за работењето на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје во 2022 година.

2. СЕ ОДОБРУВА поединечното работење, на секој член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје, неговата надалежност и раководењето со банката, како што следува:

- Маринис Стратопулос, **Претседател,** Генерален извршен директор на НБГ Кипар;
- Јанис Кајулис, **член**, Раководител на Секторот за проектно управување од областа на ризиците и култура на ризик на ниво на Групација, Национална банка на Грција С.А. Атина;
- Димитра Гудуфа, **член,** Директор во Кабинетот на Генералниот извршен директор, Национална банка на Грција С.А. Атина;
- Христодулу Христодулос, **член**, Генерален директор за финансии на Националната банка на Грција С.А. Атина;
- Владимир Филиповски, **независен член,** професор**,** Економски факултет – Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје;
- Сашо Ќосев, **независен член,** професор**,** Економски факултет – Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје.

- Анастасиос Лизос, **член**;

3. Извештајот за работењето на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје во 2022 година е составен дел од оваа Одлука.

4. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

С.О. Бр.___
__ .05.2023 година
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**Претседавач,**

*Забелешка: Официјалниот документ е издаден на англиски јазик. Доставениот превод на македонски јазик, извршен од страна на Банката, претставува неформална верзија на Документот; оттаму, во случај на било какви двоумења или недоразбирања, англиската верзија ќе се смета за официјална.*

**И З В Е Ш Т А Ј**
**за работењето на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје во 2022 година**

Во 2022 година Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје ги извршуваше своите задачи со големо внимание и во целосна согласност со регулаторните барања, Статутот на Банката, сопствените Правила за работење и стандардите на НБГ Групацијата, придонесувајќи кон доброто корпоративно управување и стабилноста на Банката.

Надзорниот одбор постојано беше вклучен во одлуките од големо значење за Банката и активно вршеше надзор над работењето на Банката. Надзорниот одбор редовно беше информиран за сите поважни прашања за Стопанска банка и деловното опкружување. Поточно, Надзорниот одбор редовно ги разгледуваше сеопфатените извештаи за финансиското и оперативното работење на Стопанска банка, Деловниот план, извештаите на надлежните органи и Секторот за внатрешна ревизија, Кварталните извештаи за усогласеноста на работењето на Банката со законите, голем број политики, итн. Дополнително, Надзорниот одбор беше информиран за поголемите промени во релевантното законодавство и за прашања поврзани со внатрешните контроли.

Како што е објаснето подетално во следниот дел од Извештајот, Надзорниот одбор успешно придонесе кон заштита и унапредување на долгорочните интереси на Банката.

## 1. <u>Начин на работење на Надзорниот одбор</u>

Седниците на Надзорниот одбор се оддржуваа во согласност со законски определената редовност, односно најмалку еднаш квартално. Во 2022 година, Надзорниот одбор организираше 6 редовни седници, на кои беа адресирани сите прашања од особена важност за Банката во согласност со неговите надлежности. Помеѓу седниците, во 9 прилики, беа разгледани/одобрени одредени точки со писмена согласност.

Надзорниот одбор ги организираше своите седници во согласност со Годишниот план за работа за 2022 година и во согласност со одговорностите определени во Законот за банки и интерните акти.

1/ Надзорниот одбор беше навремено информиран за сите значајни случувања во врска со пролонгирањето на кризата Ковид-19 и мерките и активностите преземени во врска со ублажување на влијанието од пандемијата врз работењето и отплатата на обврските од страна на клиентите на Банката. Детален преглед на развојот на кризата „Ковид-19“ беше презентиран во рамки на кварталниот Извештај за макроекономските случувања и за финансиското и оперативното работење на Управниот одбор.

2 / Надзорниот одбор ги усвои Деловниот план и Политиката за развој на Стопанска банка за периодот 2022 - 2024 година и беше активно вклучен во следењето на нејзината имплементација и целокупното работење на Банката. Имено, Управниот одбор редовно и сеопфатно поднесуваше извештаи до Надзорниот одбор за деловните работи и управувањето со Банката. На секој состанок Генералниот извршен директор детално ја објаснуваше финансиската состојба на Банката, банкарскиот сектор и условите во економијата, генерално. Покрај тоа, Генералниот директор за управување со ризици го поддржуваше Генералниот извршен директор со презентирање на состојбата во врска со управувањето со ризиците,

*Забелешка: Официјалниот документ е издаден на англиски јазик. Доставениот превод на македонски јазик, извршен од страна на Банката, претставува неформална верзија на Документот; оттаму, во случај на било какви двоумења или недоразбирања, англиската верзија ќе се смета за официјална.*

ликвидноста и управувањето со капиталот на Банката и ги презентираше извештаите за работењето на Одборот за управување со ризици.

3 / Врз основа на успешна евалуација на соодветноста, Надзорниот одбор повторно го назначи Г-дин Бојан Стојаноски за Генерален директор за ризици и член на Управниот одбор на Банката, за уште дополнителни 4 години. Во рамки на доменот на своите одговорности, Надзорниот одбор изврши годишна евалуација на работењето на членовите на Управниот одбор, Одборот за ревизија и Одборот за управување со ризиците. Понатаму, Надзорниот одбор исто така повторно ја назначи Г-ѓица Дијана Делимитова за директор на Секторот за внатрешна ревизија, со мандат од дополнителни 3 години.

4 / Преку годишните планови и редовните извештаи на Секторот за внатрешна ревизија и Секторот за усогласеност, Надзорниот одбор го следеше работењето на одговорните лица на контролните функции и беше соодветно информиран за прашањата од усогласеност / регулатива и внатрешна ревизија. Понатаму, посебно внимание беше посветено на следењето на препораките на Гувернерот на Народната банка до нивната целосна имплементација и прегледот на записникот на Народната банка за теренскиот надзор за проценка на ризикот од Информатичка технологија на Стопанска банка АД Скопје, имајќи ја предвид улогата на Надзорниот одбор во воспоставувањето ефикасна соработка со Народната банка и другите регулаторни тела во земјата. Покрај тоа, Надзорниот одбор беше навремено информиран за статусот на судскиот процес во врска со правата од приоритетните акции. Офицерот за информатичка сигурност, исто така, го информираше Надзорниот одбор во врска со ризиците по информатичката сигурност и тековните случувања на полугодишно ниво. Во рамки на своите задолженија, исто така назначи Одговорен за односи со инвеститори, согласно Правилата за котација на Македонската берза на хартии од вредност.

5 / Надзорниот одбор исто така го поддржа корпоративниот бизнис со одобрување значителни предлози за соработка со корпоративни клиенти.

6 / Во текот на 2022 година, сите политики во надлежност на Надзорниот одбор беа одобрени, межи кои: Политиката за виртуелни средства, Политиката за управување со ризикот од ликвидност, ILAAP рамката, Политиката за корпоративни кредити, Планот за обнова, Планот за управување со ризикот од ликвидност во непредвидливи ситуации, Политиката за евалуација, Политиката против измами, Политиката за информатичка сигурност, Политиката за санкции, Кодексот за корпоративно управување итн. Покрај политиките, Надлежниот одбор исто така одобри трасакција со поврзано лице во износ од над МКД 6,000,000, согласно своите надлежности дефинирани со Законот за банки.

7 / Едно Собрание на акционери беше организирано во текот на 2022 година. Годишното собрание на акционери беше одржано на 31.05.2022 година, на кое Надзорниот одбор ги разгледа и ги предложи точките пропишани согласно регулативата за годишната сесија.

8 / Во текот на редовниот процес на ревизија, Надзорниот одбор ги одобри Повелбата на Одборот за наградување и на Одборот за внатрешна ревизија, како и Деловникот за работа на Одборот за управување со ризиците. Покрај тоа, членовите на Одборот за наградување беа назначени во текот на 2022 година за дополнителен мандат.

*Редовност на седници*

Согласно гореспоменатото, Надзорниот одбор одржа 6 редовни состаноци. Дел од членовите на Надзорниопт одбор се исто така членови на Одборот за ревизија и Одборот за наградување,

*Забелешка: Официјалниот документ е издаден на англиски јазик. Доставениот превод на македонски јазик, извршен од страна на Банката, претставува неформална верзија на Документот; оттаму, во случај на било какви двоумења или недоразбирања, англиската верзија ќе се смета за официјална.*

и нивното учество на истите состаноци е исто така прикажано (3 состаноци на Одборот за ревизија и 3 состаноци на Одборот за наградување).

Следствено, учеството на членовите на Надзорниот одбор на состаноците во текот на 2022 година е како следи:

| **Член** | **Редовни седници (вклучително и ОР и ОН)** | **Учество на седници** | **Учество во % (сите седници)** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| М. Стратопулос | 7 | 7 | 100% |
| А. Лизос | 14 | 12 | 85% |
| Д. Гудуфа | 12 | 10 | 83% |
| Х. Христодулу | 5 | 1 | 20% |
| Ј. Кајулис | 7 | 6 | 85% |
| В. Филиповски | 14 | 14 | 100% |
| С. Ќосеф | 9 | 7 | 77% |

За сите одлуки кои беа донесени со писмена согласност од страна на Надзорниот одбор и останатите одбори, сите членови имаат дадено согласност. Понатаму, како правило, Дневниот ред и материјалите за седниците се доставува до сите членови без разлика дали подоцна членот учествува на седницата.

2. **<u>Надзор и соработка со другите тела/ одбори на СБ (Управниот одбор, Секторот за внатрешна ревизија, Секторот за усогласеност на работењето со прописите, Одборот за управување со ризиците, Одборот за наградување и Одборот за ревизија)</u>**

Редовното одржување на седниците и постојаната комуникација со менаџментот обезбеди активна размена на информации помеѓу Надзорниот одбор и Управниот одбор. Надзорниот одбор редовно ги рагледуваше и анализираше извештаите на Управниот одбор, на тој начин потврдувајќи дека споменатите извештаи претставуваат комплетна и соодветна слика на финансиските резултати, најважниот аспект од работењето на Банката, како и на работењето на Управниот одбор во 2022 година. Дополнително, Генералниот извршен директор имаше редовна комуникација со Претседателот на Надзорниот одбор за сите позначајни работи.

Надзорниот одбор имаше активна и отворена комуникација со Секторот за внатрешна ревизија и Секторот за усогласеност на работењето со прописите, и ги одобри нивните годишни планови за работа, редовно ги разгледуваше и дискутираше нивните извештаи, итн. Дополнително, Надзорниот одбор го следеше работењето на Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Одборот за наградување преку разгледување на нивните извештаи за работа, имено месечниот извештај на Одборот за управување со ризиците, кварталните извештаи на Одборот за ревизија или извештаите на Одборот за наградување.

Се на се, Надзорниот одбор имаше активна комуникација и активно ја следеше работата на другите одбори и контролни функции на Банката.

**<u>3. Наградување на членовите на Надзорниот одбор</u>**

*Забелешка: Официјалниот документ е издаден на англиски јазик. Доставениот превод на македонски јазик, извршен од страна на Банката, претставува неформална верзија на Документот; оттаму, во случај на било какви двоумења или недоразбирања, англиската верзија ќе се смета за официјална.*

Сите членови на Надзорниот одбор имаат право на надоместок за нивната работа како членови во Надзорниот одбор.

Во согласност со најдобрите практики, членовите на Надзорниот одбор се наградуваат само со фиксни надоместоци (т.е. 400 евра нето месечно), одобрени од Собранието на акционери, со цел да се минимизира секој можен судир на интереси помеѓу контролата и управувањето со Банката. Во согласност со одлуката на Одборот на директори на НБГ, службениците на Групацијата НБГ кои учествуваат во Надзорниот одбор на СБ како претставници на акционерите не добиваат никаков надоместок. Надоместоците на вработените во Групацијата НБГ се сметаат за доверливи и не се објавени во овој Извештај. Г-дин Лизос, претставник на акционерот кој веќе не е вработен во Групацијата НБГ, се плаќа на ист начин како и независните членови, односно со надоместок од 400 евра нето на месечно ниво за учество во Надзорниот одбор, 200 евра месечно за учество во Одборот за ревизија и 50 евра нето по состанок за учеството во Одборот за наградување.

## 4. Само-оценување на работењето на Надзорниот одбор од аспект на индивидуалните членови и заеднички

Со цел да се оцени ефикасноста и ефективноста, да се идентификуваат потенцијалните недостатоци и да се обезбеди дека работењето на Надзорниот одбор е во целосна согласност со пропишаните регулаторни и интерни стандарди, членовите на Надзорниот одбор спроведоа само-оценување на своето работење во текот на 2022 година, од поединечен и колективен аспект. Оцената на Надзорниот одбор ги имаше предвид балансот на вештини, искуство и знаење помеѓу членовите, независноста, како Надзорниот одбор работи заедно како тим и други фактори релевантни за неговото ефективното работење.

Врз основа на севкупната оцена, може да се донесе заклучок дека работењето на Надзорниот одбор на Стопанска банка, како целина, е оценето со највисока оцена (вкупно 4.4 од 5), односно дека Надзорниот одбор работи во согласност со законите и стандардите за добро корпоративно управување на Групацијата и ефективно ја извршува својата улога и надлежности. Членовите на Надзорниот одбор очекуваат во иднина да продолжи подобрувањето на организацијата на седниците, постојано да се имплементираат најдобрите практики, како и да се зајакне севкупното познавање на членовите од ИТ и технологијата, со цел да се има подобра претстава во врска со имплементацијата на ИТ стратегијата.

Членовите на Надзорниот одбор исто така го оценија работењето на секој член (секој член на Надзорниот одбор го оценува работењето на останатите членови, вклучително и Претседателот на Надзорниот одбор). Само-оцената потврди дека постојниот состав на Надзорниот одбор има членови кои поседуваат колективно и поединечно знаење, вештини и професионално искуство како и интегритет и репутација кои се соодветни за системски значајна банка како СБ. Дополнително, сите членови посветуваат соодветно време и фокус на нивните надзорни и стратешки одговорности.

Дополнително, во 2022 година, Надзорниот одбор ја оцени и работата на Управниот одбор. Врз основа на целосната оцена, се донесе заклучок дека работата на Управниот одбор на Стопанска банка, како целина, е оцената со висока оцена (4.5 / 5), односно Управниот одбор работи во согласност со релевантното законодавство и стандардите за добро корпоративно управување на Групацијата и ефективно ги извршува своите надлежности и улога. Членовите на Надзорниот одбор немаат никаква забелешка во однос на професионалните квалификации, личениот интегритет и менаџерските вештини на членовите на Управниот одбор.

*Забелешка: Официјалниот документ е издаден на англиски јазик. Доставениот превод на македонски јазик, извршен од страна на Банката, претставува неформална верзија на  Документот; оттаму, во случај на било какви двоумења или недоразбирања, англиската верзија ќе се смета за официјална.*

Следствено, не се предложија позначителни промени во работењето на Надзорниот одбор или Управниот одбор.

5. **<u>Судир на интереси & преземени мерки</u>**

Во согласност со Законот за банки, сите лица со посебни права и одговорности, вклучително и членовите на Надзорниот одбор, се обврзани да поднесат годишна изјава за нивната поврзаност со други лица со посебни права и одговорности, доверителите или акционерите на СБ, и два пати годишно да поднесат изјава за (не)постоење на судир на интереси. Лицата со посебни права и одговорности не смеат да учествуваат во одлучувањето, склучувањето договори или други деловни активности на СБ доколку во моментот на носењето на одлука постоел личнен интерес/ судит на интереси помеѓу член на Надзорниот одбор (или лице поврзано со него) и Банката. Сите членови на Надзорниот одбор имаат обврска писмено да го известат Секретарот на Надзорниот одбор за постоење на судир на интереси пред одржување на состанокот на кој се дискутира / усвојува одлуката.

Во 2022 година не беше пријавен судир на интереси од ниту еден член на Надзорниот одбор на Стопанска банка.

Ја изразуваме нашата благодарност до членовите на извршното раководство и сите вработени на Стопанска банка АД - Скопје за нивната посветена работа кон постојано остварување на мисијата и стратешките цели на Банката.

Н.О. бр. _____/2023 година
28.04. 2023
Скопје

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

Маринис Стратопулос
**Претседател**

*Забелешка: Официјалниот документ е издаден на англиски јазик. Доставениот превод на македонски јазик, извршен од страна на Банката, претставува неформална верзија на Документот; оттаму, во случај на било какви двоумења или недоразбирања, англиската верзија ќе се смета за официјална.*